Општинско основно училиште „Блаже Конески“
ул. Венијамин Мачуковски бр. 4, Скопје
Тел/ факс: 02/2469-746
Електронска пошта: oou-blazhekoneski-aerodrom@schools.mk

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
Општинско основно училиште
БЛАЖЕ КОНЕСКИ
Општина Аеродром
Бр. 08-182/1
05.05 2025 год.
СКОПЈЕ

Комисијата за избор на ученик – првенец на генерацијата при ООУ„Блаже Конески“ Скопје распишува :

КОНКУРС

за избор на ученик – првенец на генерацијата за учебната 2024/2025

Право на учество имаат учениците од деветто одделение кои ги исполнуваат следниве услови:

- Да покажуваат примерен однос во училиштето и надвор од него
- Да имаат континуиран одличен успех
- Да имаат учествувано на училишни натпревари (интерни – училишни, општински, регионални, државни, меѓународни)
- Да имаат освоено награди, дипломи, признанија,благодарници
- Активно да учествуваат во слободни ученички активности, во воннаставни активности, како и во работа на ученичките организации и училиштето воопшто

Учениците кои ги исполнуваат горенаведените услови да се обратат кај своите класни раководители за дополнителни информации и помош при подготовка на документите.

Потребните документи да се достават во архивата на училиштето надоцна до 26.05.2025година.

Документите да содржат:

1.Пријава до комисијата (https://ooublazekoneski.edu.mk/)

2. Копии од дипломи, пофалници,благодарници и сл.

3.Копии од Свидетелства и Додаток на свидетелства од IV до VIII одд

Комисијата ќе ги разгледа пристигнатите документи и според Правилникот на училиштето за бодување, ќе состави кандидатска листа за избор на ученик-првенец на генерацијата

Наставничкиот Совет на крајот на учебната година ќе го прогласи ученикот-првенец на генерација.

- Весна Ангеловска -педагог
- Стефанија Славковиќ – одделенски наставник
- Деан Стојанов – предметен наставник